Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
**Министерство за економија** | **Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

**Архивски број: 15-5869/3**
**Скопје, 28-10-2020 2020 година**

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
AGJENCIA PËR INVESTIME TË HUAJA DHE PROMOVIM TË EKSPORTIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Примено: 02. 11. 2020
03 | 1158/1

**До:**
**- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија**
**Ул. "Никола Вапцаров" бр.7, 1000 Скопје**

**- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**
**Бул.Партизански Одреди бр.2, 1000 Скопје**

Предмет: Препраќање на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

На ден 19.10.2020 година, заведено под наш број 15-5869/1 во Министерството за економија пристигна Ургенција од страна на

спратено барање за пристап до информации од јавен карактер првично до Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, оттаму препратено до Управата за јавни приходи, а оттаму пак како што стои во Ургенцијата препратено до Министерството за економија на ден 31.08.2020 година, во кое се бараат следните податоци:

1. Првиот сет на податоци вклучува податоци кои се однесуваат на конкретни економски мерки за справување со кризата предизвикана од вирусот КОВИД 19 во текстилната индустрија, поточно листа на текстилни компании кои користеле некоја од мерките предвидени од страна на Владата на РСМ, во кој регион се наоѓаат текстилните компании кои побарале дополнителна поддршка и број на вработени кои добиле помош преку некоја од мерките.
2. Вториот сет на податоци се однесува на финансиската поддршка на текстилните компании, согласно различните типови на директна поддршка од Законот за финансиска поддршка на инвестици во изминатите две години:

а)Поддршка за нови вработувања,
б)Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија
в)Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошкиот развој и истражување,
г)Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес,
д)Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи
ѓ)Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии
Како и видови на финаниска поддршка за конкурентност:
а)Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот,
б)Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.
Потребна ни е листа на компании од текстилната индустрија кои искористиле некоја од предвидените мерки за финансиска поддршка на инвестиции во последните две години.

Со оглед на тоа што до Министерството за економија не пристигна препратеното Барање од страна на Управата за јавни приходи, а се со цел како би постапиле по Ургенцијата, согласно член 18 од Законот за Слободен пристап до информации од јавен карактер, ви се препраќа Барањето од јавен карактер, како би му ги доставиле бараните податоци на барателот **исклучиво по однос на точка 2 од** Барањето, кое ви се доставува во прилог на овој допис.

Со почит,

Kreshnik Bekteshi
МИНИСТЕР
MINISTËR

Изработил/Përpilol:Верица Поп Ѓорчева, Verica Pop Gjorcheva
Контролирал/Kontrolloi: Елисавета Миновска, Elisaveta Minovska
Одобрил/ Aprovoi:Билјана Мицковски, Biljana Mickovska
Fatmire Hoxha, Фатмире Хоџа
Согласен/Miratoi:

02-810/20
21.07.20

До: **Генерален секретаријат на Владата на Северна Македонија**
**Д-р. Драги Рашковски, Генерален секретар на Владата на РСМ**
Бул. Илинден, бр.2
1000 Скопје

## БАРАЊЕ
### за пристап до информации од јавен карактер

**Почитувани,**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15, бр. 55/16 и бр. 98/19),

Имено, во рамките на проектот "Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работниц
реализира истражувачки активности за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на два сета на податоци од јавен карактер:

1. Првиот сет на податоци вклучува податоци кои се однесуваат на конкретни економски мерки за справување со кризата предизвикана од вирусот КОВИД 19 во текстилната индустрија, поточно листа на текстилни компании кои искористиле некоја од мерките предвидени од страна на Владата на РСМ, во кој регион се наоѓаат текстилните компании кои побарале дополнителна поддршка и број на вработени кои добиле помош преку некоја од мерките.

2. Вториот сет на податоци се однесува на финансиската поддршка на текстилните компании, согласно различните типови на директна поддршка од Законот за финансиска поддршка на инвестиции во изминатите две години:
а) Поддршка за нови вработувања;
б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;
в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;
г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;
д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи и
ѓ) Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.
Како и видови на финансиска поддршка за конкурентност:
а) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот;
б) Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.

Потребна ни е листа на компании од текстилната индустрија кои искористиле некоја од предвидените мерки за финансиска поддршка на инвестиции во последните две години.

Форма во која се бара информацијата:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) електронски запис (пожелно е во excel формат)
5) друго------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) е-маил
5) друго------------------------------------------------------------

Барател на информацијата:

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје

Датум: 21.07.2020 година

Подносит